# 291. МЕ ДАДОА ЗА ТЕРЗИЧЕ




Ме дадоа за терзиче,
терзиче нејќам,
у терзиче тенка игла,
тенка му вечера,
оф, аман, аман, аман.

Ме дадоа за бакалче,
бакалче нејќам,
бакалче е како глувче,
од вреќа на вреќа,
оф, аман, аман, аман.

Ме дадоа за мајсторче,
мајсторче нејќам,
мајсторче е како петле,
од греда на греда,
оф, аман, аман, аман.

Ме дадоа за чершија,
чешмеџија неќам,
чешмеџија е како утка,
од басма на масма,
оф, аман, аман, аман.

Ме дадоа за сароша,
сароша сакам,
сарош има златна капа,
уста медена,
оф, аман, аман, аман.

Каракаш, Бранко, Антологија на македонски нардони песни, Скопје: Дега, 1995